**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

# У П А Т С Т В О

**за**
**реализација на Конкурсот за запишување студенти**
**на прв циклус студии во учебната 2012/13 година**

**Скопје, јуни 2012**

Во согласност со член 110 Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Одлуката на Владата на РМ за бројот на студентите за запишување во прва година на државните високообразовни установи во учебната 2012/13 година, (Сл. Весник на РМ бр. 49 од 11 април 2012 година), Одлуката на Владата на РМ за дополнителни квоти за запишување студенти припадници на заедниците кои не се мнозинство во РМ во прва година на државните високообразовни установи во учебната 2012/13 година (Сл. Весник на РМ бр. 49 од 11 април 2012 година), Одлуката на Владата на РМ за изменување на Одлуката за бројот на студентите за запишување во прва година на државните високообразовни установи во учебната 2012/13 година, (Сл. Весник на РМ бр. 59 од 11 мај 2012 година) и Конкурсот за запишување студенти на прв циклус на студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во учебната 2012/13 година („Дневник" од 25.4.2012 и „Матурант" бр. 8 од мај 2012), Ректорската управа на Универзитетот на ____седница одржана на ________ година, донесе

**У П А Т С Т В О**
**за реализација на Конкурсот за запишување студенти**
**на прв циклус студии во учебната 2012/13 година**

**Член 1**

Со ова Упатство се обезбедува единствен пристап во толкувањето и примената на одредбите од Конкурсот за запишување студенти во прва година и се регулира постапката и начинот на работата на Универзитетската конкурсна комисија.

**Член 2**

Во првиот уписен рок за запишување на прв циклус студии (прв циклус на универзитетски и на стручни студии) на факултетите рамноправно конкурираат:

- кандидатите со завршена државна матура;
- кандидатите со завршена меѓународна матура;
- кандидатите кои завршиле во претходни години (пред учебната 2007/08 година ) или кои завршиле средно образование во училишта каде не се полага државна матура;
- кандидатите кои завршиле целосно или делумно средно образование во странство;
- кандидатите со завршена училишна матура.

Сите кандидати од став 1 се пријавуваат директно на одбраниот факултет.

**Член 3**

Оваа година, за прв пат ќе се спроведе системот на електронското пријавување на кандидатите. Од особена важност е да не се дозволи никаков застој во процесот на пријавувањето на кандидатите на деновите на физичкиот прием на документите на факултетите.

Доколку во текот на реализацијата на Конкурсот, во приемните денови, дојде до каков и да било прекин во електронскиот систем за верификација на кандидатите (прекин на струја, мрежа, интернет конекција и сл.), одговорните за прифаќање на документите на кандидатите ќе треба да продолжат со примање на апликациите без да дојде до нарушување на процесот на пријавување. Вака примените апликации треба бидат верифицирани во системот веднаш по добивањето на техничка можност за тоа.

**Член 4**

Одговорните лица за прифаќање на документите на кандидатите на пријавата за запишување треба да го внесат бројот кој кандидатот автоматски го добил од системот за електронското пријавување, без да му издаваат нов архивски приемен број. Доколку кандидатот не се пријавил електронски, потребно е да му се овозможи (просторно и кадровски) пристап тоа да го стори на факултетот, или пак елетронското пријавување да го изврши одговорниот за прифаќање на документите (со брз внес на податоците).

**Член 5**

По завршувањето на роковите за прием на кандидатите, **во рок од 12 часа факултетите се обврзани во системот за електронско пријавување да ги внесат сите пријавени кандидати** кои од какви и да било причини навремено не се внесени.

Ова е потребно за да бидат достапни сите податоци **за бројот на пријавените, примените и непримените кандидати, во рамките на државната квота и во категоријата студенти со кофинансирање**.

**Член 6**

За реализација на Конкурсот, наставно-научниот совет на факултетот - носител на студиската програма, формира конкурсна комисија.

По пријавувањето на кандидатите, конкурсната комисија е должна да ги објави резултатите од пресметувањето на успехот од средното образование, со поука дека кандидатите што сметаат дека овој успех не им е правилно пресметан, имаат право на приговор (во рок од 24 часа од објавувањето), до конкурсната комисија.

За успешна селекција на кандидатите, факултетите им овозможуваат на кандидатите при изборот на студиската програма да се определат за две или повеќе студиски програми, т.е. за алтернативна студиска програма, доколку не успеат на првоизбраната.

Рангирањето на кандидатите го врши конкурсната комисија на факултетот - носител на студиската програма.

**Член 7**

Селекцијата на кандидатите, во зависност од видот на студиската програма, се врши согласно пресметувањето на поените за селекција на кандидатите, кои се составен дел од ова упатсво.

При пресметувањето на поените, бодувањето се врши најмногу до 3 децимали.

**Член 8**

На студиските програми на кои, при рангирањето, на крајот на листата има повеќе кандидати со еднаков број поени (**најмногу пет кандидати**) од бројот утврден во Конкурсот, факултетот - носител на студиската програма ги запишува сите вакви кандидати. Ако, пак, **бројот на ваквите кандидати е поголем од 5, тогаш истите дополнително се рангираат** според дополнителни критериуми: соодветноста на изработената проектна задача при полагањето на државната матура, освоени награди на републички и меѓународни натпревари, членови на спортски репрезентации на РМ, добиени сертификати за познавање на странски јазици на повисоко ниво и сл. Факултетите можат да определат и дополнителното тестирање/селекција на овие кандидати.

**Член 9**

Кандидатот има право на приговор на објавената прелиминарна ранг-листа на кандидатите за запишување. Приговорите се упатуваат до советот - управата на факултетот, во рок од 24 часа од објавувањето на оваа ранг-листа. Приговорите се однесуваат само на технички пропусти - грешки направени при пресметувањето на бодовите.

Доколку советот - управата смета дека не може да биде свикан и полноправно да одлучува во периодот кога се поднесуваат приговори, тој формира посебна комисија за приговори и жалби, или со одлука ја овластува конкурсната комисија. Со одлуката, треба да биде прецизирано дека советот - управата ги пренел врз комисијата правата што нему му припаѓаат по закон и дека одлуките на комисијата треба да се сметаат за одлуки на советот - управата.

Одлуките по приговорите се конечни и се објавуваат на огласната табла во предвидениот рок.

**Член 10**

Решението на конкурсната комисија за прием на студентите, односно конечната ранг-листа, за секој уписен рок, факултетите го доставуваат до Универзитетската конкурсна комисија.

**Член 11**

Следењето на реализацијата на Конкурсот на факултетите го врши Универзитетска конкурсна комисија.

Универзитетската конкурсна комисија укажува и презема мерки за надминување на неправилностите и отстапувањата од Конкурсот и за тоа ја известува Ректорската управа.

Универзитетската конкурсна комисија ја сочинуваат 9 члена од редот на наставно-научните работници, со застапеност на сите наставно-научни области, и еден студент.

**Член 12**

По објавувањето на конечната ранг-листа, факултетите објавуваат листа на кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување во категоријата студенти со кофинансирање на студиите, односно кои освоиле најмалку **40** поени по сите основи, со напомена заинтересираните кандидати да поднесат писмена изјава дека се согласуваат во текот на целокупното студирање да ги кофинансираат студиите.

**Член 13**

Кандидатите со завршено сродно високо, односно вишо образование се запишуваат надвор од вкупната квота, а нивниот број може да изнесува најмногу до ***10%*** од вкупниот број редовни студенти на соодветната студиска програма, утврден во Конкурсот.

Кандидатите од претходниот став се запишуваат според успехот од претходното образование, освен на студиските програми за кои поради специфичностите е потребна проверка на знаењата и умеењата. Сродноста ја утврдуваат и објавуваат факултетите.

Кандидатите со претходно завршено високо односно вишо образование, се запишуваат со поднесување надоместок за студирање, според глава V од Конкурсот. Доколку некои од овие кандидати се запишуваат на ист факултет, но на друга студиска програма, факултетите **го намалуваат износот на надоместокот за студирање**, во согласност со разликите и бројот на наставните дисциплини на дадените студиски програми.

**Член 14**

За обезбедување правична и соодветна застапеност на студентите припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, на високообразовните установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во учебната 2012/13 година дополнително ќе се запишат студенти припадници на овие заедници, чиј број да не е повисок од **10%** од вкупниот број студенти кои се запишуваат во прва година на ниво на факултетот. Во рамките на овој процент, соодветно ќе бидат застапени припадниците на сите заедници, до процентот со кој соодветната заедница е застапена во вкупното население на Република Македонија.

На високообразовните установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, каде постојат студиски програми кои се застапени и на Државниот универзитет во Тетово, припадниците на албанската заедница ќе се запишуваат само во редовните квоти.

Процентот на студентите - припадници на овие заедници, заедно во државната и во дополнителната квота, треба да биде до процентот на застапеноста на соодветната заедница во вкупното население на Република Македонија.

**Член 15**

Дистрибуцијата на бројот на кандидатите - припадници на заедниците од претходниот член, по студиски програми, ја вршат факултетите според прегледите кои претставуваат составен дел на ова Упатство, од објавената единствена ранг-листа на кандидатите.

Бројот на припадниците на заедниците опфатени во категоријата други ќе се утврдува кумулативно од сите други заедници, според вкупниот број поени, односно предимство ќе имаат кандидатите со највисок број поени.

Прегледот за дистрибуцијата на бројот на кандидатите од првиот став од овој член е утврден според Извештајот за учеството на другите заедници кои не се мнозинство во РМ, во вкупното население во РМ од пописот во 2002 година, и тоа:

| Национална припадност | број | % учество |
|---|---|---|
| **Македонци** | 1.297.981 | 64,17 |
| **Албанци** | 509.083 | 25,17 |
| **Турци** | 77.959 | 3,85 |
| **Роми** | 53.879 | 2,66 |
| **Срби** | 35.939 | 1,78 |
| **Бошњаци** | 17.018 | 0,84 |
| **Власи** | 9.695 | 0,48 |
| **Други** | 20.993 | 1,05 |
| **В к у п н о** | **2.022.547** | **100** |

### Член 16

При пријавувањето на кандидатите посебна изјава за припадноста на кандидатите на заедниците во РМ **поднесуваат само кандидатите во чии свидетелства, односно диплома не е внесена припадноста**.

### Член 17

Припадниците на безбедносните сили и други категории на лица утврдени со Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и членовите на нивните семејства, како и лицата утврдени со одредбата од чл. 23 од истиот Закон (Сл. весник на РМ бр. 2/02, 17/03, 30/04 и 66/07), во учебната 2012/13, ќе се запишуваат надвор од државната квота без плаќање партиципација, односно кофинансирање, под услови за запишување утврдени во овој Конкурс, а нивниот број може да изнесува најмногу до 10% од вкупниот број студенти на соодветната студиска програма.

Кандидатите од претходниот став се ослободени од плаќање административни такси на единиците на Универзитетот.

### Член 18

Кандидатите државјани на РМ кои **помалку од четири години од средното образование завршиле во странство** се запишуваат под истите услови и критериуми како и кандидатите со завршено средно образование во Република Македонија.

Начинот на пресметување на успехот од свидетелствата стекнати во странство (претходно нострифицирани) го утврдуваат конкурсните комисии на факултетите.

### Член 19

Универзитетот ќе објави дополнителен конкурс за слободните места за вториот уписен рок.

### Член 20

Ова Упатство влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во **Универзитетски гласник**.

**Р е к т о р**

**Проф. д-р Велимир Стојковски**

**Прилог:**

- **Пресметување на поените за селекција на кандидатите**
- **Прегледи на дистрибуцијата на дополнителните квоти**

# Пресметување на поените за селекција на кандидатите

## ФАКУЛТЕТИ КАДЕ СЕЛЕКЦИЈАТА СЕ ВРШИ САМО СПОРЕД УСПЕХОТ ОД СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Во сите уписни рокови рамноправно конкурираат:

- кандидатите со завршена државна матура;
- кандидатите со завршена меѓународна матура;
- кандидатите кои завршиле во претходни години (пред учебната 2007/08 година ) или кои завршиле средно образование во училишта каде не се полага државна матура;
- кандидатите кои завршиле целосно или делумно средно образование во странство
- кандидатите со завршена училишна матура.

Основен критериум за селекција на кандидатите за запишување на прв циклус универзитетски (прв циклус) студии е успехот постигнат во средното образование.

На факултетите каде селекцијата се врши само според успехот од средното образование, кандидатите може да освојат најмногу **100 поени**, и тоа: општиот успех по сите предмети учествува со **60%,** а успехот постигнат на **државната матура учествува со 40%.**

### 1. Рангирање на кандидати со завршена државна матура

**- Успех од средното образование**

Бодирањето се врши на следниов начин: се собираат сите оценки што се внесени во свидетелствата од сите години, добиениот збир се дели со бројот на оценките и вака добиениот среден успех се множи со 12. По оваа основа може да се добијат најмногу **60 поени**.

| просечна оценка X 12 = најмногу 60 поени |
|---|
| (пример со просек 5,00: 5 x 12 = 60 поени) |

**- Успех постигнат на државната матура**[1]

Оценките од **екстерните предмети ($E_1$ и $E_2$)** се множат со коефициент 2. Вака добиениот производ се корегира со перцентилниот ранг на кандидатот за секој предмет поединечно. По оваа основа можат да се добијат најмногу **20 поени** за двата екстерни предмети (резултат а).

Оценките од секој од **интерните предмети ($И_1$ и $И_2$)** кои се полагаат на државната матура се множат со коефициент 1,6. Вака добиените производи се собираат. По оваа основа можат да се добијат најмногу **16 поени** (резултат б).

Оценката добиена на **проектната задача** (**Пз**) се множи со коефициент 0,8. По оваа основа можат да се добијат најмногу **4 поени** (резултат в).

Вкупниот успех од државната матура може да донесе најмногу **40 поени** (резултат а+б+в).

---

[1] Бодувањето на успехот постигнат на државната матура се врши според методологијата добиена од Државниот матурски одбор.

Кандидатите кои ќе конкурираат за упис на студиска програма на УКИМ со себе ќе носат документ во кој ќе биде наведено каков успех постигнале на државната матура т.е. ќе биде наведено:

$Е_1$ - Оценка за прв екстерен предмет (од 1 до 5) и перцентилен ранг (%)
$Е_2$ - Оценка за втор екстерен предмет (од 1 до 5) и перцентилен ранг (%)
$И_1$ - Оценка за прв интерен предмет (од 1 до 5)
$И_2$ - Оценка за втор интерен предмет (од 1 до 5)
$П_з$ - Оценка добиена за проектна задача (од 1 до 5)

**Перцентилниот ранг на кандидатот покажува од колкав процент на ученици во земјата што го решавале тестот тој кандидат е подобар или еднаков.**

**Пример:**

| | **Екстерни испити** | **Оценка** | **Перцентилен ранг (ПР)** |
|---|---|---|---|
| Е1 | Македонски јазик | Одличен 5 | $Пр_1$ = 97,00% |
| Е2 | Англиски јазик | Одличен 5 | $Пр_2$ = 100,00% |
| | | | |
| | **Интерни испити** | **Оценка** | |
| И1 | Социологија | Одличен 5 | |
| И2 | Информатика | Многу добар 4 | |
| Пз | Проектна задача | Одличен 5 | |

(а) = (**Е₁** x 2)хПр₁/100 + (**Е₂** x 2)хПр₂/100 = најмногу 20 поени

(пример со просек 5,00: (5 x 2) x 100/100 + (5x2) x 97,7/100 = 19,77поени)

(б) = **И₁** x 1,6 + **И₂** Х 1,6 = најмногу 16 поени

(пример со просек 5,00: 5x1,6 + 5x1,6 = 16 поени)

(в) = Пз Х 0,8 = најмногу 4 поени

(пример со просек 5,00: 5 x0,8 = 4 поени)

(а+б+в) = најмногу 40 поени

(пример со просек 5,00: (5 x 2) x 100/100 + (5x2) x 97,7/100 + 5x1,6 + 5x1,6 + 5x0,8 = 39,77 поени)

**2. Рангирање на кандидати со завршена државна матура, но со несоодветно предмети полагани на државната матура за студиската програма на која конкурираат**

**- Успехот од средното образование**

бодирањето се врши на следниов начин: се собираат сите оценки што се внесени во свидетелствата од сите години, добиениот збир се дели со бројот на оценките и вака добиениот среден успех се множи со 12. По оваа основа може да се добијат најмногу **60 поени**.

просечна оценка Х 12 = најмногу 60 поени

(пример со просек 5,00: 5 x 12 = 60 поени)

**- Успехот постигнат на државната матура**

Оценките од **екстерните предмети ($E_1$ и $E_2$)** се множи со коефициент 2 за предметот кој е соодветен за студиската програма, односно со 1 за несоодветниот предмет. Вака добиениот производ се корегира со перцентилниот ранг на кандидатот за секој предмет поединечно (резултат а).

Оценките од секој од **интерните предмети ($И_1$ и $И_2$)** кои се полагаат на државната матура се множат со коефициент 1,6 за предметот кој е соодветен за студиската програма, односно со 1 за несоодветниот предмет. Вака добиените производи се собираат (резултат б).

Оценката добиена на **проектната задача** (**Пз**) се множи со коефициент 0,8.

Вкупниот успех од државната матура може да донесе најмногу **40 поени** (резултат а+б+в).

(а) = (**$E_1$** x 2)хПр$_1$/100 + (**$E_2$** x 1)хПр$_2$/100 = најмногу 20 поени

(пример со просек 5,00, каде $E_1$ е соодветен, а $E_2$ е несоодветен екстерен предмет :
(5 x 2) x 100/100 + (5x1) x 97,7/100 = 14,885 поени)

(б) = **$И_1$** x 1,6 + **$И_2$** Х 1 = најмногу 16 поени

(пример со просек 5,00 каде $И_1$ е соодветен, а $И_2$ е несоодветен интерен предмет: 5x1,6 + 5x1 = 13 поени)

(в) = Пз Х 0,8 = најмногу 4 поени

(пример со просек 5,00: 5 x0,8 = 4 поени)

(а+б+в) = најмногу 40 поени

(пример со просек 5,00, и два несоодветни предмета: (5 x 2) x 100/100 + (5x1) x 97,7/100 + 5x1,6 + 5x1+ 5x0,8 = 31,885 поени)

Поените по двата основа од успехот од средното образование се собираат (збир А+Б).

(А + Б)

(пример со просек 5,00: (60+31,885 = 91,885 поени)

## 3. Рангирање на кандидати со завршена меѓународна матура

**- Успех од средното образование**

Бодирањето се врши на следниов начин: се собираат сите оценки што се внесени во свидетелствата од сите години, добиениот збир се дели со бројот на оценките и вака добиениот среден успех се множи со 12. По оваа основа може да се добијат најмногу **60 поени**.

| |
|---|
| просечна оценка X 12 = најмногу 60 поени<br><br>(пример со просек 5,00: 5 x 12 = 60 поени) |

- **Успех постигнат на меѓународната матура**

Секоја оценка од шестте предмети кои се полагаат на меѓународната матура се множи со коефициент 1,2. Вака добиените коефициенти се собираат. По оваа основа можат да се добијат најмногу **36 поени**.

Оценката добиена на матурската тема се множи со коефициент 0,8. По оваа основа можат да се добијат најмногу **4 поени**.

Вкупниот успех од меѓународната матура може да донесе најмногу **40 поени**.

| |
|---|
| $а_1$ = 1 предмет X 1,2 = најмногу 6 поени<br>$а_2$ = 2 предмет X 1,2 = најмногу 6 поени<br>$а_3$ = 3 предмет X 1,2 = најмногу 6 поени<br>$а_4$ = 4 предмет X 1,2 = најмногу 6 поени<br>$а_5$ = 5 предмет X 1,2 = најмногу 6 поени<br>$а_6$ = 6 предмет X 1,2 = најмногу 6 поени<br><br>б = збир $а_1$+ $а_2$ +...$а_6$ = најмногу 36 поени<br><br>в = матурска тема X 0,8 = најмногу 4 поени<br>б+в = најмногу 40 поени<br><br>(пример со просек 5,00: (5x1,6) + (5x1,6) + (5x1,6) + (5x1,6) + (5x1,6) + (5x1,6) + (5 x 0,8)= 40 поени) |

## 4. Рангирање на кандидати кои завршиле во претходни години (пред учебната 2007/08 година ) или кои завршиле средно образование во училишта каде не се полага државна матура;

**- Успехот од средното образование**

бодирањето се врши на следниов начин: се собираат сите оценки што се внесени во свидетелствата од сите години, добиениот збир се дели со бројот на оценките и вака добиениот среден успех се множи со 12. По оваа основа може да се добијат најмногу **60 поени**.

| |
|---|
| просечна оценка X 12 = најмногу 60 поени<br><br>(пример со просек 5,00: 5 x 12 = 60 поени) |

**- Успехот по предметите кои се значајни за студиската програма**

збирот од оценките од секој од двата предмета значајни за студиската програма се дели со бројот на оценките и вака добиениот среден успех, за секој предмет одделно, се множи со 4. По оваа основа може да се добијат најмногу **20 поени** за еден предмет, односно вкупно **40 поени** за двата предмета.

| |
|---|
| (а) = просечна оценка од 1 предмет X 4 = најмногу 20 поени<br>(б) = просечна оценка од 2 предмет X 4 = најмногу 20 поени<br>(а+б) = најмногу 40 поени<br><br>(пример со просек 5,00: (5x4) + (5x4) = 40 поени) |

## 5. Рангирање на кандидати со помалку од четири години од средното образование завршено во странство

Кандидатите државјани на РМ кои помалку од четири години од средното образование завршиле во странство **се запишуваат под истите услови и критериуми како и кандидатите со завршено средно образование во Република Македонија во претходните години (пред учебната 2007/08 година ) и не полагале државна матура (точка 3).** Овие кандидати се запишуваат надвор од квотата, но најмногу до 10% од државната квота. Се рангираат на посебна ранг листа и доколку освојат бодови најмалку како и последниот примен кандидат во рамките на државната квота на соодветната студиска програма трошоците за нивното студирање ги поднесува Министерството за образование и наука. Кандидатите кои освоиле бодови најмалку како и последниот кандидат примен во категоријата со кофинансирање на студиите се запишуваат со надоместок за студирање во висина утврдена во глава I од Конкурсот.

**6. Рангирање на кандидати со завршена училишна матура**

**- Бодови за успехот од средното образование**

- се собираат сите оценки што се внесени во свидетелствата од сите години, добиениот збир се дели со бројот на оценките и вака добиениот среден успех се множи со 12. По оваа основа може да се добијат најмногу 60 поени (збир А).

| |
|---|
| (А) = просечна оценка X 12 = најмногу 60 поени<br><br>(пример со просек 5,00:    5 x 12 = 60 поени) |

- Бодирањето на успехот постигнат на училишната матура се врши на следниов начин: Оценките од предмети кои се полагаат на училишната матура се множат со коефициент 1,6. Добиените прозиводи се собираат. По оваа основа можат да се добијат најмногу 16 поени. Оценката добиена на проектната задача се множи со коефициент 0,8. По оваа основа можат да се добијат најмногу 4 поени. Вкупниот успех од училишната матура може да донесе најмногу 20 поени (збир Б).

| |
|---|
| (а) = ($И_1$ x 1,6 + $И_2$ X 1,6 = најмногу 16 поени<br>(б) = Пз X 0,8 = најмногу 4 поени<br>(Б) = (а+б) = најмногу 20 поени<br>(пример со просек 5,00:    (5x1,6 +5 x 1,6 + 5 x 0,8 = 20 поени) |

- Поените по двата основа од успехот од средното образование се собираат. По оваа основа може да се добијат најмногу **80 поени** (збир А+Б).

| |
|---|
| (А + Б)  = најмногу 80 поени<br><br>(пример со просек 5,00:    (60+20) = 80 поени) |

## ФАКУЛТЕТИ КАДЕ СЕЛЕКЦИЈАТА СЕ ВРШИ СПОРЕД УСПЕХОТ ОД СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И СО ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊАТА И УМЕЕЊАТА НА КАНДИДАТИТЕ

### ФАКУЛТЕТИ ОД ОБЛАСТА НА УМЕТНОСТИТЕ

Кандидатите може да освојат најмногу **100 поени**, и тоа: **успехот од средното образование** (вкупниот успех од средното образование и успехот постигнат на матурата) учествува со **40%,** а успехот постигнат **со проверка на знаењата и умеењата на кандидатите учествува со 60%.**

1. **За кандидатите од училишна матура**

**- Бодови за успехот од средното образование**

- се собираат сите оценки што се внесени во свидетелствата од сите години, добиениот збир се дели со бројот на оценките и вака добиениот среден успех се множи со 12. По оваа основа може да се добијат најмногу 60 поени (збир А).

| |
|---|
| (А) = просечна оценка Х 12 = најмногу 60 поени |
| (пример со просек 5,00: 5 х 12 = 60 поени) |

- Бодирањето на успехот постигнат на училишната матура се врши на следниов начин: Оценките од предмети кои се полагаат на училишната матура се множат со коефициент 1,6. Добиените прозиводи се собираат. По оваа основа можат да се добијат најмногу 16 поени. Оценката добиена на проектната задача се множи со коефициент 0,8. По оваа основа можат да се добијат најмногу 4 поени. Вкупниот успех од училишната матура може да донесе најмногу 20 поени (збир Б).

| |
|---|
| (а) = $И_1$ х 1,6 + $И_2$ Х 1,6 = најмногу 16 поени |
| (б) = Пз Х 0,8 = најмногу 4 поени |
| (Б) = (а+б) = најмногу 20 поени |
| (пример со просек 5,00: (5х1,6 +5 х 1,6 + 5 х 0,8 = 20 поени) |

- Вкупниот добиен збир на поени по двата основа од успехот од средното образование се множи со коефициент 0,5. По оваа основа може да се добијат најмногу **40 поени** (збир А+Б).

| |
|---|
| (А + Б) х 0,5 = најмногу 40 поени |
| (пример со просек 5,00: (60+20) х 0,5 = 40 поени) |

**- Бодови од проверката на знаењата и умеењата на кандидатите**

- вреднувањето на успехот од проверката на знаењата и умеењата на кандидатите се врши со бодување од **0** до **60** поени. Проверката има елиминаторен карактер. Не се рангираат кандидатите што не добиле најмалку **10** поени.

2. **За кандидатите со државна матура**

**- Бодови за успехот од средното образование**

- На факултетите од областа на уметностите бодовите од успехот од средното образование **за кандидатите кои полагале државна матура** се добиваат согласно точките 5.а.1 и 5.а.2 од Конкурсот. Вкупниот добиен збир по овој основ се множи со коефициент 0,4. По оваа основа може да се добијат најмногу **40 поени**.

| |
|---|
| (А) = просечна оценка Х 12 = најмногу 60 поени |
| (пример со просек 5,00: 5 х 12 = 60 поени) |

| |
|---|
| (а) = ($\mathbf{Е_1}$ х 2)х$Пр_1$/100 + ($\mathbf{Е_2}$ х 2)х$Пр_2$/100 = најмногу 20 поени |
| (б) = $\mathbf{И_1}$ х 1,6 + $\mathbf{И_2}$ Х 1,6 = најмногу 16 поени |
| (в) = Пз Х 0,8 = најмногу 4 поени |
| (Б) = (а+б+в) = најмногу 40 поени |
| (пример со просек 5,00: (5 х 2) х 100/100 + (5х2) х 97,7/100 + 5х1,6 + 5 х 1,6 + 5 х0,8 = 39,77 поени) |

| |
|---|
| (А + Б) Х 0,4 = најмногу 40 поени |
| (пример со просек 5,00: (60+39,77) х 0,4 = 39,908 поени) |

**- Бодови од проверката на знаењата и умеењата на кандидатите**

- вреднувањето на успехот од проверката на знаењата и умеењата на кандидатите се врши со бодување од **0** до **60** поени. Проверката има елиминаторен карактер. Не се рангираат кандидатите што не добиле најмалку **10** поени.

**3. За кандидатите кои завршиле во претходните учебни години –** бодовите од успехот во средното образование се пресметуваат на следниот начин: се собираат сите оценки што се внесени во свидетелствата од сите години и од матурскиот испит, добиениот збир се дели со бројот на оценките и вака добиениот среден успех се множи со **8**. По оваа основа може да се добијат најмногу **40 поени**.

**АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ**

Кандидатите може да освојат најмногу **100 поени**, и тоа: **успехот од средното образование** (вкупниот успех од средното образование и успехот постигнат на државната матура) учествува со **60%, а** успехот постигнат **со проверка на знаењата и умеењата на кандидатите учествува со 40%.**

**Пресметка на бодовите од успехот во средното образование**

- бодовите од успехот од средното образование се добиваат согласно точките 5.а.1 и 5.а.2 од Конкурсот. Вкупниот добиен збир по овој основ се множи со коефициент 0,6. По оваа основа може да се добијат најмногу **60 поени**.

| |
|---|
| (А) = просечна оценка Х 12 = најмногу 60 поени<br><br>(пример со просек 5,00: 5 x 12 = 60 поени) |

| |
|---|
| (а) = (**$Е_1$** x 2)хПр$_1$/100 + (**$Е_2$** x 2)хПр$_2$/100 = најмногу 20 поени<br>(б) = (**$И_1$** x 1,6) + (**$И_2$** Х 1,6 )= најмногу 16 поени<br>(в) = Пз Х 0,8 = најмногу 4 поени<br>(Б) = (а+б+в) = најмногу 40 поени<br>(пример со просек 5,00: (5 x 2) x 100/100 + (5x2) x 97,7/100 + (5x1,6 + 5 x 1,6 + 5 x0,8 = 39,77 поени) |

| |
|---|
| (А + Б) Х 0,6 = најмногу 60 поени<br><br>(пример со просек 5,00: (60+39,77) x 0,6 = 59,862 поени) |

**Пресметка на бодовите од проверката на знаењата и умеењата на кандидатите**

- вреднувањето на успехот од проверката на знаењата и умеењата на кандидатите се врши со бодување од **0** до **40** поени. Проверката има елиминаторен карактер. Не се рангираат кандидатите што не добиле најмалку **15** поени.
- На Педагошкиот факултет и на Природно-математичкиот факултет (наставни студиски програми) се врши претселекција на кандидатите, т.е. проверка на психофизичката способност на кандидатите за студирање, која не се бодира. Кандидатите се рангираат согласно точките 5.а.1 и 5.а.2 од Конкурсот.

**- за кандидатите кои завршиле во претходните учебни години –** бодовите од успехот во средното образование се пресметуваат на следниот начин: се собираат сите оценки што се внесени во свидетелствата од сите години и од матурскиот испит, добиениот збир се дели со бројот на оценките и вака добиениот среден успех се множи со 12. По оваа основа може да се добијат најмногу **60 поени**.

**Преглед на дистрибуцијата на дополнителни квоти за запишување на кандидати - припадници на заедниците кои не се мнозинство во РМ во учебната 2012/13 година**

| ФАКУЛТЕТИ | Вкупно студенти | дополни-телни квоти | Албанци * | Турци | Роми | Срби | Бошњаци | Власи | Други |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Архитектонски факултет** | **120** | **12** | - | 4 | 3 | 2 | 1 | 1 | 1 |
| **Градежен факултет** | **470** | **47** | - | 17 | 12 | 8 | 4 | 2 | 4 |
| **ФЕИТ** | **680** | **68** | - | 25 | 17 | 11 | 5 | 3 | 7 |
| **ФИНКИ** | **1020** | **102** | - | 37 | 26 | 17 | 8 | 4 | 10 |
| **Интерд. студии по животна средина** | **40** | **4** | - | 2 | 1 | 1 | - | - | - |
| **Машински факултет** | **805** | **80** | 56 | 9 | 6 | 4 | 2 | 1 | 2 |
| **Технолошко-металуршки факултет** | **565** | **56** | 39 | 7 | 4 | 3 | 1 | - | 2 |
| **Природно-математички факултет** | **1290** | **129** | 90 | 14 | 10 | 6 | 3 | 2 | 4 |
| **Економски факултет** | **1256** | **125** | - | 45 | 31 | 21 | 10 | 6 | 12 |
| **Правен факултет** | **875** | **87** | - | 31 | 22 | 15 | 7 | 4 | 8 |
| **Филозофски факултет** | **905** | **90** | 63 | 9 | 7 | 4 | 2 | 2 | 3 |
| **Филолошки факултет** | **1500** | **150** | 105 | 15 | 11 | 7 | 5 | 3 | 4 |
| **Педагошки факултет** | **259** | **26** | 18 | 3 | 2 | 1 | 1 | - | 1 |
| **Медицински факултет** | **495** | **50** | - | 18 | 13 | 8 | 4 | 2 | 5 |
| **Фармацевтски факултет** | **140** | **14** | - | 5 | 3 | 2 | 1 | 1 | 2 |
| **Стоматолошки факултет** | **130** | **13** | - | 4 | 3 | 2 | 1 | 1 | 2 |
| **Факултет за физичка култура** | **140** | **14** | - | 5 | 3 | 2 | 1 | 1 | 2 |
| **Факултет за земјоделски науки и храна** | **925** | **92** | 64 | 10 | 7 | 4 | 2 | 2 | 3 |
| **Шумарски факултет** | **90** | **9** | 6 | 1 | 1 | 1 | - | - | - |
| **Факултет за дизајн и технологии на мебел** | **130** | **13** | 9 | 2 | 1 | 1 | - | - | - |
| **Факултет за ветеринарна медицина** | **60** | **6** | 4 | 2 | - | - | - | - | - |
| **Факултет за драмски уметности** | **17** | **2** | - | 2 | - | - | - | - | - |
| **Факултет за ликовни уметности** | **60** | **6** | - | 2 | 2 | 1 | - | - | 1 |
| **Факултет за музичка уметност** | **185** | **18** | - | 7 | 5 | 3 | 1 | - | 2 |

*** Преглед на студиски програми каде припадниците на албанската заедница се запишуваат само во редовните квоти, бидејќи истата студиска програма ја има и на Државниот универзитет во Тетово**

**Архитектонски факултет**

**Градежен факултет**

**Факултет за електротехника и информациски технологии**
- информатика и компјутерско инженерство
- професионални студии по информатика (6 семестри)

**Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство**
- информатика и компјутерско инженерство
- професионални студии по информатика (6 семестри)

**Интердисциплинарни студии по животна средина**

**Машински факултет**
- мехатроника

**Технолошко-металуршки факултет**
- прехранбена технологија и исхрана

**Природно-математички факултет**
- математика
- физика
- хемија
- биологија
- географија
- информатика
- информатички технологии (6 семестри)
- хемија-физика
- екологија

**Филозофски факултет**
- филозофија
- педагогија
- социологија
- психологија
- историја

**Филолошки факултет „Блаже Конески”**
- македонски јазик и јужнословенски јазици
- македонска книжевност и јужнословенски книжевности
- албански јазик и книжевност
- француски јазик и книжевност
- германски јазик и книжевност
- англиски јазик и книжевност
- италијански јазик

**Педагошки факултет „Св. Климент Охридски” - Скопје**
- за наставници во паралелки на албански јазик
- за воспитувачи во групи на албански јазик

**Економски факултет**

**Правен факултет**

**Медицински факултет**

**Фармацевтски факултет**

**Стоматолошки Факултет**

**Факултет за физичка култура**

**Факултет за драмски уметности**

**Факултет за ликовни уметности**

**Факултет за музичка уметност**